Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација
Shoqëria aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë së dhënies së shërbimeve në navigacionin Ajror
М-НАВ АД - M-NAV SHA
Бр.-Nr. 1101-709/4
23.04 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПОЛИТИКА ЗА КУЛТУРА НА ПРАВИЧНОСТ

*ATM/ANS.OR.A.065*

За ефикасно функционирање на системот за управување со безбедност воспоставена е Култура за правичност (Just Culture), со која вработените се поттикнуваат и мотивираат да поднесат важни информации кои можат да имаат влијание врз безбедноста, притоа воспоставувајќи јасно дефинирана граница помеѓу прифатливо и неприфатливо оперативно однесување/дејствие. На овој начин се обезбедува правична заштита на вработените кои пријавуваат.

Културата на правичност создава средина во која не се дозволува заплашување и неосновано обвинување на поединци. Меѓутоа, утврдување на одговорноста на вработените (прекршочна или кривична) не е исклучена, во согласност со правниот систем на државите органи, особено во случај на несреќи или сериозни инциденти кои резултираат со изгубени животи или оштетен имот, дури и во случај кога немало грешка поради груба небрежност или злонамера.

Атмосфера во која „се е простено и дозволено“ не е ниту пожелна, ниту можна. Меѓутоа, ако делото е сторено без умисла и намера и е пријавено од страна на вработениот, тој може да очекува целосна правна и друга поддршка од М-НАВ А.Д.-Скопје во случај на истрага, дисциплинска или судска постапка.

Постапките кои во никој случај не можат да се толерираат (неприфатливо однесување/дејствие) се:

- грубо свесно прекршување на пропишаните правила, процедури и дејствија;
- свесно форсирање на небезбедни дејствија каде последиците од дејството се очигледно негативни;
- самоиницијативно напуштање на работното место;
- вршење на активности кои не се во описот на работното место, но го одвлекуваат вниманието и концентрацијата на вработените;
- консумирање и доаѓање на работа под дејство на опојни дроги и супстанции (алкохол, психотропни супстанции ....);
- саботажа, терористички акти и други акти на незаконски упади(пречки) насочени кон давањето на услугите.

Дисциплинските мерки нема да се применуваат за ненамерни дејствија, како што се: лапсуси, лоша проценка, пропусти итн.

Скопје, април 2024 година

УО на М-НАВ А.Д.-Скопје
м.п. Këshilli Drejtues i M-NAV Sh.A. Shkup

Милан Кораќ, Претседател
Hekuran Asani, член
d-r Hasim Deari, член

Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација АД Скопје
М-НАВ
M-NAV
SHA Shkup
Shoqëria aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë së dhënies së shërbimeve në navigacionin Ajror